АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

| Примено / Pranuar: 13.04.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 1925 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 , 27/19 и 42/20), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 9 април 2020 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 април 2020 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации - нови рекламни техники);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 28.02.2020 година, за непочитување на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-59, од 28.02.2020 година) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје.*

   *Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението (2.03.2020 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 9 април 2020 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда на член 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за нови рекламни техники.

8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***